( Образец ПП……)

До ---Министерство за животна средина и просторно планирање ---------------------------------------------------------------------------

(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08 и бр.6/10), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
------------------------------------------------------------------------------------------

---**Дали како Ј.П.За одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта Скопје имаме право да ги продаваме старите возила и камиони кои се расходовани на јавен повик како старо железо .-------------------------------------------------------------------------------**

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
**- г) електронски запис**
- д) друго------------------------------------------------------------------

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
**- г) е-маил**
- д) друго-------------------------------------------------------------------

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата:----------------------------------------------------------
[redacted] одделение за заштита на животна средина Ј.П.За заштита и одржување на магистралните и регионалните патишта Скопје
[redacted]

(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје Датум13.09.2024година

**ДО: [redacted]**
**одделение за заштита на животна средина Ј.П.За заштита и одржување на магистралните и регионалните патишта Скопје**
[redacted]

Почитуван,

Ј.П. за заштита и одржување на магистралните и регионалните патишта Скопје, има обврска согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.
Имено,врз основа на член 47 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19 и 275/19) Владата на Република Северна Македонија, донесува ОДЛУКА ЗА ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ. Член 47 уредува:

(1) За продажбата на движните ствари одлучува Владата на Република Македонија на предлог на одговорното лице на органот, односно органот на управување кој раководи со правното лице основано од државата.

(2) Кога се врши продажба на движни ствари постапката за продажба ја спроведува Комисијата.

Во член 42 од законот став (3) За движните ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост, или технолошка застареност не ги користат државните органи или правните лица основани од државата, не можат да се продадат или разменат, државните органи или правните лица основани од државата, врз основа на одлука за согласност од Владата на Република Македонија се должни да спроведат постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, доколку со друг закон поинаку не е определено.

Со почит,

**М-р. Ана Каранфилова Мазневска**
**Раководител на Сектор за отпад**